**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17-09.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 4469 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

*<u>Дневно-информативни емисии</u>*

Во првиот десетдневен период од мониторингот на изборното медиумско претставување (2-11 септември 2016 година), анализирани се исто толку (10) дневно-информативни емисии на ТВ Шења. Предмет на анализа беше централното издание на вестите емитувано во 18.55 часот. Во изданието на вестите од 2

септември, поради технички причини во реализацијата од страна на самата телевизија, не се емитувани 5 од предвидените прилози, иако се најавени од страна на презентерот.

Вкупното време на анализираните прилози изнесува 3 часа 6 минути и 38 секунди. Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави, како и репортажи со социјална тематика од подрачјата во скопско и тетовско зафатени со поплавите во текот на оваа и минатата година, зафаќаат 2 часа 52 минути и 5 секунди (Табела 1). Преостанатите 14 минути и 33 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:16 | 3,06 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:32 | 1,47 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:18 | 2,50 | % |
| Без субјекти | 00:39:39 | 23,04 | % |
| Други субјекти | 00:39:39 | 23,04 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:36 | 4,42 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:25 | 3,73 | % |
| Беса | 00:10:31 | 6,11 | % |
| Унитети | 00:01:16 | 0,74 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:16 | 0,74 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:29 | 0,28 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:02 | 1,18 | % |
| СДСМ | 00:03:40 | 2,13 | % |
| Влада на РМ | 00:16:35 | 9,64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:23 | 3,71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:56 | 5,77 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:41 | 2,14 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:31 | 0,88 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:46 | 0,45 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:47 | 0,46 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:22 | 0,79 | % |
| Судство | 00:00:32 | 0,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:30 | 1,45 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:53 | 1,68 | % |
| Привремена комисија | 00:00:30 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 02:52:05** | **100** | **%** |

Речиси половина од вкупното време за застапеност на субјектите припаѓа на категориите „без субјекти" и „други субјекти" (ИВЗ, АААВМУ, МАНУ, Народен правобранител, универзитетски професори, Институт за земјотресно инженерство и др.), коишто се застапени со ист обем (по 39 минути и 39 секунди). Телевизијата емитува значителен обем прилози поврзани со проблемите со коишто се соочуваат жителите од поплавените подрачја како и за други комунални и инфраструктурни проблеми, кадешто најчесто како соговорници се јавуваат жителите и оттука произлегува застапеноста на категоријата „без субјекти". Исто така, граѓаните се главен носител на прилозите, како соговорници, што телевизијата ги прави по повод празникот Курбан бајрам. Дополнително, во овој извештаен период се случуваат серија земјотреси во

скопско, кадешто повторно во дел од прилозите анкетирани се жителите на главниот град. Според застапеноста како субјект следува Владата, пред сè преку вистинити и релевантни активности поврзани со информации за редовните активности на министерствата, формирањето нова преодна Влада, настани кои влегуваат во црната хроника (авионска несреќа во околината на Скопје, извештаи од МВР и сл.). Медиумот одвоил простор за вкупно 8 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања се пренесени на Беса, СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДПА, ПДП, Унитети, ДПА-ДР, ДУИ.

Телевизијата известува со неутрален тон и рамка. Исклучок е новинарскиот осврт „Скандал, албански директор вработува 13 Македонци и 2 Албанци" (трае 2 минути и 39 секунди) кадешто е застапен критички-негативен тон кон партијата ДУИ и директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција како орган на државна управа. Во наредните денови од анализираниот период, во рамки на централното издание на вестите, е објавен демант од страна на директорот за изнесените наводи во прилогот на телевизија Шења. Преостанатите новинарски осврти се: „Предврмени избори – се заборава на одделувањето на државата од партијата" (трае 3 минути и 23 секунди), „Партиите калкулираат со изборните единици" (трае 3 минути и 40 секунди), „Образование – основните приватни училишта, законот спроти Уставот" (трае 2 минути и 20 секунди), „Избори на 11 декември – Албанците со повеќе политички алтернативи" (трае 2 минути и 34 секунди).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:03:12 | 11,60 | % |
| СДСМ | 00:01:28 | 5,32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:18 | 1,09 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:25 | 1,51 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:48 | 2,90 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:19 | 8,40 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:26 | 1,57 | % |
| Беса | 00:02:40 | 9,67 | % |
| Унитети | 00:00:36 | 2,18 | % |
| Други субјекти | 00:07:59 | 28,94 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:55 | 3,32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:55 | 6,95 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:41 | 6,10 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:42 | 2,54 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:10 | 4,23 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:01 | 3,69 | % |
| | **Вкупно: 00:27:35** | **100** | % |

Најчесто се емитувани директни обраќања на субјектите што припаѓаат на категоријата „други субјекти", а следуваат директните обраќања на претставниците на Владата, на претставници на политичката партија Беса, претставници на органите на државна управа/јавни претпријатија, амбасадори/меѓународни организации/странски политичари итн.

***Посебни информативни емисии***

Во анализираниот период од 2 до 11 септември 2016 година, ТВ Шења емитуваше неколку изданија и репризи на информативната емисија Неделно ретро (Retro javore), составена од прилози за настани коишто се случиле во текот на претходните денови.

***Сектор за програмски работи***